# PU D4

**D4 ВОДООТПОРНО ЛЕПИЛО**




D4 водоотпорно полиуретанско лепило со висока крајна јачина на лепење и одлична адхезија на различни видови дрво, метал и други градежни материјали.

**СВОЈСТВА**
- Спој дрво–дрво со D4 водоотпорност и отпорност на температура од −40 °C до +110 °C.
- Брзо прилепување.
- Брзо стврднување.
- Висока крајна јачина на лепење.
- Лесно за нанесување.
- Малку набубрува за време на стврднувањето.
- Отпорно на вода, хемикалии, атмосферски влијанија и стареење.
- По стврднувањето може да се бои и шмиргла.
- Не содржи растворувачи.

**УПОТРЕБА**
- За лепење дрвени делови каде што е потребно брзо стврднување и брзо изложување на механички оптоварувања.
- За лепење агли на прозорци и врати, завршни лајсни, ламинатни подови, различни натписи и табли.
- Особено погодно лепило за вградени делови кои мора да бидат механички отпорни или се наменети за надворешна употреба.

**ТЕСТИРАЊА И СЕРТИФИКАТИ**
Класификација на неконструкциски лепила за дрво и производи од дрво:
EN 204 D4 (дрво–дрво)

**ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ**

| | | |
|---|---|---|
| **Свежо лепило** | | |
| Основа: | | полиуретан |
| Изглед: | | паста |
| Механизам на стврднување: | | со влажност од воздухот |
| Специфична тежина: | | 1500 ± 20 kg/m³ |
| Време на формирање кожа: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | ≈ 8 мин. |
| Температура на нанесување: | | од +5 °C до +35 °C |
| **Стврднато лепило** | | |
| Јачина на истегнување на топло | DIN EN 14257 (WATT 91) | прибл. 7,6 MPa |
| Отпорност на температура: | | од −40 °C до +110 °C |

**ПРИМЕНА**
- Површините мора да бидат цврсти, чисти и без прашина и маснотии.
- Исечете го кертриџот и наврнете го млазникот, кој се сече косо според потребната дебелина на нанесување.
- Нанесете го лепилото на една од површините, почекајте 2 минути, а потоа спојте ги двата дела.
- Доколку лепите непорозни материјали со содржина на влага < 8 %, лепилото треба лесно да се испрска со вода за да се обезбеди целосно стврднување.

- И покрај високата вискозност, се препорачува дополнително механичко прицврстување на елементите што се лепат.
- За постигнување оптимални резултати, многу е важно слојот на лепилото помеѓу двата елемента да биде многу тенок.
- Алуминиум, бакар, месинг или подлоги со прашкаста облога може да се лепат само доколку се претходно хемиски третирани.

**ПАКУВАЊЕ**

- Кертриџ од 300 ml.

**СКЛАДИРАЊЕ**

- 18 месеци на суво и ладно место, на температура помеѓу 5 °C и 25 °C, во оригиналното, неотворено пакување.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ**

Дополнителни информации за безбедноста, упатствата за безбедно ракување и личната заштитна опрема, како и информации за отстранување се достапни во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Можете исто така да побарате копија од вашиот TKK дистрибутер.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Упатствата содржани во овој документ се засноваат на нашето истражување и искуство, меѓутоа, поради специфичните услови и методи на работа, препорачуваме да извршите прелиминарни тестови пред каква било примена на нашите производи.